Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневни настани 20.06.2024

На 19.06.2024 во 17.45 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода А.У.(38) од Гостивар, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.06.2024 во 20.30 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Полициската станица Центар ги лишиле од слобода М.И.(26) и А.Р.(42), двајцата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.06.2024 во Штип, полициски службеници од Полициската станица Штип и Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Штип го лишиле од слобода В.С.(43) од Штип. На ул.„Сремски фронт" во Штип, полициските службеници пронашле марихуана која В.С. ја фрлил, при обидот да побегне од нив. По целосно документирање на случајот, против В.С. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.06.2024 во 20.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Димитрија Чуповски" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „тојота" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.Л.(23) од Скопје и мотоцикл „хамачи" со скопски регистарски ознаки, управуван од Д.Д.(25) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил Д.Д., констатирани во Градска општа болница „Св.Наум Охридски" Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 19.06.2024 во 17.30 часот во СВР Тетово било пријавено дека на ул.„Љубо Божиновски – Пиш" во Тетово патничко возило „опел вектра" со тетовски регистарски ознаки, управувано од М.Р.(33) од Тетово, удрило во малолетен пешак од Тетово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетникот, констатирани во Клиничка болница Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

На 19.06.2024 во 12.45 часот во Полициската станица Центар, Б.Ч.(22) од Скопје пријавил дека на ул.„Орце Николов" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 19.06.2024 во 14.00 часот во Полициската станица Драчево, Г.П.(54) од Скопје пријавил дека на ул.„Бранко Заревски" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 19.06.2024 во 23.00 часот во Полициската станица Гази Баба, И.Д.(35) од Скопје пријавил дека на ул.„Боривое Милошевски" во Скопје бил каснат од куче скитник.

Секторот за внатрешни работи Битола - Отсек за општ криминал при СВР Битола денеска (20.06.2024) поднесе кривична пријава против Г.Т.(42) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница", казниво по член 133 од Кривичниот законик. На 18.06.2024 во 22.30 часот на бензинска пумпа во Битола, по претходна расправија со вработените во агенција за обезбедување во објектот, пријавениот им се заканувал со огнено оружје.

На 20.06.2024 околу 03.15 часот во Полициската станица Центар било пријавено дека во Ургентен центар при Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје починал А.Ј.(25), припадник на АРСМ. Според пријавеното, тој бил на специјалистички курс во армискиот полигон Криволак, при што во еден момент му се слошило и со возило бил префрлен во Здравствен дом во Неготино, по што, поради сериозноста на состојбата, бил донесен во Ургентниот центар,а по реанимацијата во 22.55 часот, лекар констатирал смрт. По наредба на јавен обвинител, телото било дадено на обдукција.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против Е.П.(38) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 04.07.2023 во Гостивар, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле хероин.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против О.Л.(42) и Х.Г.(41), двајцата од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба на наркотични дроги". На 20.04.2024 во близина на с.Рамне, охридско, пријавените биле затекнати како им овозможуваат користење на хероин на Г.С. и К.С. .

СВР Куманово поднесе кривична пријава против М.Ј.(46) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење на мигранти". На 16.06.2024, на локален пат од с.Сопот кон с.Сушево, полициски службеници запреле патничко возило управувано од пријавениот и во него биле пронајдени двајца мигранти од Република Турција.

На 19.06.2024 во 12.30 часот во пунктот за сликање за лични документи „Пролет" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го приведе Е.Ш.(50) од Скопје затоа што го нарушил јавниот ред и мир и агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.06.2024 во 23.30 часот во СВР Скопје, И.С.(63) од Скопје пријавил дека околу 16.00 часот пред неговиот дом на подрачјето на Гази Баба во Скопје, бил физички нападнат од С.А. од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.06.2024 во 13.10 часот во СВР Скопје, Ж.Д.(69) од Скопје пријавил дека во 12.30 часот на подрачјето на општина Аеродром во Скопје бил физички нападнат од И.К.(49) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.06.2024 во 20.30 часот во СВР Скопје, Б.Н.(41) од Скопје пријавил дека околу 17.15 часот на подрачјето на Карпош во Скопје три лица го оштетиле неговото возило и физички го нападнале, при што еден од нив употребил остар предмет, Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.06.2024 во 16.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 16.10 часот на подрачјето на Шуто Оризари во Скопје, по претходна расправија околу паричен долг, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.Ц.(38) и Д.Г.(44), двајцата од Скопје, при што бил употребен тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.06.2024 во 14.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред трговски центар на подрачјето на Центар во Скопје, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Н.А.(41) и Д.С.(60), двајцата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.06.2024 во 17.19 часот во СВР Скопје, 44 –годишна жена од Скопје пријавила дека околу 17.00 часот во заедничкиот дом на подрачјето на општина Аеродром во Скопје, по претходна расправија, била физички нападната од нејзиниот поранешен 47 – годишен сопруг. Исто така, во полициска станица и сопругот пријавил дека бил физички нападнат од 44 – годишната сопруга. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.06.2024 во 13.45 часот во СВР Скопје, Б.С.(78) од Скопје пријавила дека околу 09.15 часот на автобуска постојка на подрачјето на Центар во Скопје, едно лице со употреба на физичка сила ѝ одзело личен накит. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (20.06.2024) во 09.00 часот во СВР Скопје, А.А.(34) од Скопје пријавила дека на 16.05.2024 околу 18.00 часот на работното место како готвач во хотел на подрачјето на Центар се здобила со изгореници, констатирани во Градска општа болница „Св.Наум Охридски" Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 19.06.2024 во 09.39 часот во СВР Скопје било пријавено дека во казино на подрачје на Центар едно лице со закана кон вработената одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.06.2024 во 22.20 часот во СВР Битола, Н.С.(42) од Битола пријавила дека во близина на старата касарна била каснат од куче скитник.

На 19.06.2024 во 14.30 часот во ОВР Ресен, М.Т.(69) од Ресен пријавила дека на ул.„29 Ноември" била каснат од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Н.С.(39), Г.Т.(38) и Д.С.(35), сите од Скопје, порадипостоење основи на сомнение за сторено кривично дело затоа што на 01.06.2024, пријавените со патничко возило го носеле К.Б. на неколку локации низ градот против негова волја, при што физички го напаѓале.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Г.П.(46) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". Пријавениот бил затекнат при продажба на хероин.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против К.В.(69) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „бесправно градење" и „узурпација на недвижности". Пријавениот, од мај 2024, во сврство на инвеститор на катастарска парцела во сопственост на државата, извршил ископ на карпа - природна ретност, со што ја нарушил стабилноста на столбови за пренос на електрична енергија и поставил бетонска плоча со која узурпирал државно земјиште.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет